Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 13-11-2020
02 555/15 Вредност

**Извештај за работата на деканот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"
за уч. 2019/2020 година**

Почитувани колешки и колеги, членови на Наставно-научниот совет,

Чест ми е да ви го поднесам четвртиот годишен извештај за мојата работа како декан на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", воедно и последен од мандатниот период 2016-2020.

Она што се чинеше важно за оваа учебна година од самиот нејзин почеток, беше фактот што во неа нè очекуваа избори на повеќе рамништа: парламентарни избори, избори за ректор на УКИМ, избори за декан на нашиот факултет, избори за сенатори во Сенатот на УКИМ, избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание. Во ваква изборна година за очекување беше дека во помала или во поголема мера тоа ќе влијае врз работата на факултетот во однос на активностите и процедурите што ги наложуваат изборните закономерности. Меѓутоа, она што воопшто не можеше да се предвиди, а се случи, ги стави во сенка и ги измести не само горенаведените настани, туку и вообичаените и тековни активности на Факултетот – пандемијата предизвикана од ширењето на корона-вирусот, т.е. од COVID 19. Овие белешки ги давам како вовед во извештајот, со оглед на фактот што новонастанатата ситуација влијаеше на сите сегменти што се предмет на претставување, пред сè: настава; наука и меѓународна соработка; финансии и развој; но и други, не помалку важни, аспекти на работењето на Факултетот.

Во овој дел, им изразувам благодарност на продеканките од односните ресори, на секретарот на факултетот и на раководителот на правната служба, како и на сите раководители на катедрите за приложените податоци и извештаи.

## НАСТАВА

### Прв циклус студии

Наставата во зимскиот семестар во уч. 2019/2020 се одвиваше со максимален ангажман на постојниот наставнички и соработнички кадар на факултетот, но и се ангажираше дополнителен стручен кадар од расположливиот квантум на надворешни соработници кои го сочинуваат наши дипломирани/магистрирани млади колеги. Тие беа ангажирани со статус на стручњаци од практиката или демонстратори, а беа избрани според начинот, условите и постапката за избор утврдени со Статутот на УКИМ.

Во изведувањето на наставата вклучени беа и странските лектори, чиј ангажман се регулира преку постојните меѓууниверзитетски договори, како и преку договори со различни агенции и фондации за академска размена.

Успешно беше реализирана и наставата на нематичните факултети што ја изведуваат наставници од нашиот факултет, како и стручњаци од практиката.

Наставата во летниот семестар започна според тековниот работен календар на 17.02.2020, но беше прекината на 13.03.2020 со прогласувањето епидемија и со донесувањето одлука за прекин во одвивањето на наставата со физичко присуство од страна на државните органи. По брза реакција и консолидација, наставата во овој семестар продолжи да се одвива преку видеоконференциски платформи, на

интернет, т.е. онлајн. И покрај отежнатите услови за работа што ги донесе наглото и принудно менување на начинот на настава, сепак предвидените часови од предметните програми во овој семестар се реализираа во солиден обем. За одбележување е напорот што го вложија сите гореспоменати учесници во наставата, студентите, и деканатските служби за, во најдобар случај, непречено одвивање на наставниот процес.

Ваквите услови за работа се одразија и на летната испитна сесија, која се продолжи согласно новите одлуки и правилници (в. т. **Правни акти**): најголем дел од испитите беа изведени онлајн, преку соодветните платформи, а помал дел беа изведени со физичко присуство во просториите на факултетот, при што беа почитувани сите важечки протоколи за безбедност на студентите и на наставниот кадар во услови на пандемија. Како и во поглед на наставата, за одбележување е сериозноста во пристапот за непречено изведување на испитите од страна на сите засегнати страни. Веќе стекнатото искуство од одржување настава и испити по електронски пат, позитивно се одрази на третата испитна сесија (август/септември), која се изведе на условно полесен начин.

Што се однесува до конкурсот за упис на прв циклус студии, во уч. 2019/2020 се запишаа вкупно 327 студенти.

**Втор циклус студии**

Конкурсот за упис на нови студенти на втор циклус студии се реализира во согласност со пропишаните услови и утврдените рокови според акредитираните студиски програми од 2018 година.

Се запишаа вкупно 22 студенти на втор циклус, односно по групи: Македонски јазик – 3; Македонска книжевност – 2; Наука за јазик - 14; Наука за книжевност и културолошки студии – 3. Во оваа академска година мируваа студиите по Конференциско толкување. Како што може да се забележи од бројките, наставата по овие студии најчесто се одвиваше како менторска, со оглед на тоа што минимумот за одржување редовна настава по групи е 5 студенти. Наставата во летниот семестар и за овој циклус студии се одвиваше по електронски пат.

Во текот на зимскиот семестар се акредитира нова програма за втор циклус циклус студии на Факултетот: Дидактика на германскиот јазик. Оваа програма се иницира и се изработи во тесна соработка со Гете институтот во Скопје, кои вложија и финансиски средства за потребите на програмата. Во јануари 2020 год. се распиша конкурс за оваа студиска програма.

Вкупно 15 студенти на втор циклус студии ги одбранија своите магистерски трудови во 2019/2020: 3 на Македонска книжевност; 5 на Наука за јазик; 4 на Наука за книжевност; 3 на Конференциско толкување. Во периодот на оневозможено физичко присуство, одбраните се одвиваа по електронски пат.

**Трет циклус студии**

На докторските студии во оваа учебна година се запишаа вкупно 8 студенти: на Македонистика – 4; на Наука книжевност – 4. Студиската група Наука за јазик не се активираше во конкурсот поради незавршен процес на акредитација, и покрај заложбите на деканатот тоа да се заврши во потребниот рок. Решението за почеток со работа на оваа студиска група го добивме во текот на зимскиот семестар, со што се исполни условот таа да влезе во конкурсот за уч. 2020/2021.

Вкупно 9 докторанди ја одбранија својата докторска дисертација во 2019/2020. 2 на Македонистика; 6 на Наука за јазик; и 1 на Наука за книжевност. Во периодот на оневозможено физичко присуство, одбраните се одвиваа по електронски пат.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И НАУКА

Во извештајниот период меѓународната соработка на Филолошкиот факултет се одвиваше преку повеќе активности. Со оглед на карактерот на оваа дејност, за која активностите се планираат однапред за да се реализираат во целата учебна година, настанатата состојба со пандемијата уште подрастично влијаеше на испланираните активности: тие или се откажаа, или се реализираа во новите услови под други режими.

### Програма Еразмус +

1. Во рамките на програмата за мобилност ЕРАЗМУС+, на конкурсот за програмата за студентска мобилност во академската 2019/2020 година, се пријавија вкупно 13 кандидати, од кои на 12 кандидати им беа одобрени стипендии (еден кандидат се откажа од мобилноста). Во текот на летниот семестар, условите за остварување мобилност беа отежнати, но и покрај тоа 9 кандидати успешно ја остварија својата мобилност, додека на 2 кандидатки мобилноста им беше прекината.

2. Студентска мобилност остварија девет странски суденти во текот на зимскиот семестар, од кои три студенти ја продолжија мобилноста и во летниот семестар. Вкупниот број на странски студенти во текот на летниот семестар беше 7. Во текот на зимскиот семестар сите студенти успешно ја завршија мобилноста, а во однос на летниот семестар, само една студентка се откажа, а другите студенти и покрај отежнатите услови заради пандемијата, успешно ја завршија мобилноста. И оваа година најмногу студенти доаѓаат од Полска, но и од Италија и Хрватска.

3. Во однос на гостувањата на наставен кадар, во зимскиот семестар беа реализирани 6 мобилности, и тоа: Roma Valiukiene, University of Vilnius, Daniel Slapek, University of Wroclaw, Zdenka Kohoutkova, University of Ljubljana, Loreta Andziuliene, Vytautas Magnus University, Egle Petroniene, Vytautas Magnus University, Ѓоко Николовски, Универзитет во Марибор; Кристина Дуфкова, Универзитет во Храдец Кралове, Р. Чешка; Татјана Ганенкова, Универзитет „Адам Мицкијевич“ од Познањ, Р. Полска. Најавените мобилности за летниот семестар беа откажани.

### Други гостувања

Во март 2020 на Филолошкиот факултет гостуваше проф. Бенџамин Лап, вонреден професор по модерна европска и германска историја на Универзитетот Монтклер во Њу Џерси. Професорот Лап одржа предавање под наслов: „Бевме пет деца без родители“. Микроисторија на холокаустот (“We were five children without parents”. A microhistory of the Holocaust). Ова гостување го организира доц. д-р Ирина Талевска во рамките на нејзиниот проект за развивање курикулуми за студии на Холокаустот. Беше испланирано уште едно гостување во рамките на оваа тема - на

проф. Ингрид Луис од Институтот за технологија во Дандалк, Ирска, но тоа не се реализира поради пандемијата.

На Катедрата за славистика, а во рамките на книжевниот фестивал Букстар, гостуваа: чешкиот писател Михал Вивег со авторско читање; и рускиот писател Евгениј Водолазкин со предавање на тема „Неколку размисли за современиот роман".

Во рамките на меѓународните собири и конференции одржани оваа академска година зедоа учество повеќе странски професори и истражувачи.

**Меѓународни договори (Еразмус+ и билатерални)**

Во текот на извештајниот период се потпишаа договори со следните универзитети: Витаутас Магнус (Литванија), Ешкишехир (Турција), Хаџитепе (Турција), Тамбовскиот Универзитет (Русија). Иницирани се договори со два универзитети во Р. Чешка: Универзитетот во Пардубице и Универзитетот во Храдец Кралове.

**Континуирана соработка со други универзитети, институти, агенции**

И во оваа академска година продолжи соработката со востановените партнерства на Филолошкиот факултет: Центарот за универзитетска успешност Le Très-Fle, во соработка со Универзитетската агенција за франкофонија; Францускиот институт во Скопје; Институтот Данте Алигиери во Скопје; Институтот Камоенш, Португалија; Гете институтот во Скопје; Универзитетот во Ниш; Универзитетот во Белград; Универзитетот во Крагуевац; Институтот за романски јазик во Букурешт; Амбасадата на САД преку програмата ЕТА Фулбрајт за млад наставник; Амбасадата на Р. Италија;; Амбасадата на Кралството Шпанија; Амбасадата на Руската Федерација; Амбасадата на Р. Полска.

Исто така, и оваа година беше поднесена нова апликација за грант од Корејската фондација, наменет за лекторот кој треба да ја одржува наставата по корејски јазик во 2021 година, за што ги очекуваме резултатите.

Во овој извештаен период придонесовме и кон дефинирање на приоритетите на Фондацијата Константин Стојанов за стипендирање на студенти по француски јазик, книжевност и култура на сите нивоа на студии.

Соработката со Државниот универзитет во Темпи, Аризона, САД (Arizona State University), продолжи и оваа година преку одржување на летниот курс по македонски јазик. Овој пат курсот се изведе по електронски пат, т.е. на онлајн платформа.

**Научна актива**

Во уч. 2019/2020 се одржаа следниве настани:

- Меѓународен научен собир „Италијанистиката во третиот милениум: новите предизвици во јазичните, книжевните и културните истражувања – 60 години изучување италијански јазик на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје" (септември 2019)

- Недела на италијанскиот јазик во светот (XIX издание)
- Денови на франкофонијата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" (март, 2020)

- Како си ми? - Шеста студентска филолошка конференција (септември, 2020)

Продолжи излегувањето на новото научно списание на Филолошкиот факултет „Современа филологија“ - се објавија два броја : декември 2019 и јуни 2020. Исто така, продолжи работата на студентскиот портал In medias res.

Во текот на извештајниот период почнуваат со реализација два големи проекта за Филолошкиот факултет од акцијата Erasmus + KA2:

- DAFLS (Developing Applied Foreign Language Skills) е прв наш проект за стратешко партнерство (со Универзитетот во Каен, Франција, Универзитетот во Белград и невладината организација АЛДА од Скопје) со кој ќе се пристапи кон градење на капацитети во соодветните универзитетски средини во правец на востановување интегрирани студии за применети јазици, како на ниво на додипломски студии, така и на ниво на мастер студии. Целта на проектот е да се пренесуваат знаења и да се воспостави комуникација помеѓу универзитетскиот кадар за да се стигне до потребното ниво на експертиза за организирање и изведување на ваков студиум кој би придонел кон создавање на нов профил на кадри кои би можеле да одговорат на новите предизвици и потреби на нашите општества.

- „Модерни славистички студии“ (Towards Modern Slavic Studies), во рамките на програмата Erazmus+ (KA2 Соработка за иновации и размена на докажани постапки и KA203 Стратешко партнерство во областа на високото образование) заедно со Шлезискиот универзитет во Катовице (Полска) и Остравскиот универзитет во Острава (Чешка) Овој проект вклучува сеопфатна подготовка за воведување на модерна форма на славистички студии од втор циклус. Целта на ова стратешко партнерство е да се подготви славистичка насока како дел од програмата за заедничка магистерска програма Еразмус Мундус, во која студентите би имале корист од знаењето и искуството на предавачите на нивниот матичен универзитет, како и на универзитетот во земјата чиј јазик го учат.

Што се однесува на научната актива на секој од наставниците, а претставена во сумирани бројки, објавени се над 300 научни и стручни трудови во домашни и странски списанија, како и повеќе стотици нотирани учества на домашни и меѓународни собири и конференции. Овој факт експлицитно ја отсликува посветеноста и придонесот на кадарот кон научноистражувачката дејност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

## ФИНАНСИИ, ИНВЕСТИЦИИ И РАЗВОЈ

Тесно поврзан со сите претходно наведени активности е и овој значаен сегмент од факултетската дејност. Кога се зборува за академската 2019/2020 година тоа значи дека и овој сегмент во голема мера ги претрпе промените предизвикани од корона-кризата, која освен здравствени имаше и низа економски импликации. Финансиските средства на Факултетот и годинава се стекнуваа од државниот буџет и од сопствени извори, но особено овој вториов домен забележа извесен застој и стагнација заради споменатата состојба. Сепак, треба да се нагласи дека факултетските средства беа грижливо чувани и распоредувани, така што на крајот и од оваа академска година е забележано солидно позитивно салдо (26.769.716,00денари). Прогресивното намалување на бројот на новозапишани студенти, а соодветно на тоа и намалување на приходите на сопствената сметка на Факултетот, се настојуваше и годинава да се компензира преку обезбедување средства и од други извори. Во таа смисла беше зајакната апликативната дејност на Факултетот, беа обезбедени спонзорства и донации, средства по основа на одделни изданија и проекти, средства наменети за развој на научноистражувачката дејност, од котизации за меѓународни конференции организирани од нашиот Факултет и сл.

### Апликативна дејност

Во рамките на апликативната дејност значителни средства (1.746.699,00) се стекнати по следните основи: одржувана настава на нематични факултети, издавање уверенија за познавање на македонскиот, англискиот и други странски јазици, ЧИЛС сертификат за италијански јазик, изведување курсеви за изучување на корејскиот и јапонскиот јазик вон редовниот курикулум, како и настава и испити по македонски јазик за странци, во организација на ЦЕТИС центарот.

### Проекти

Годинава продолжи финансирањето на еден билатерален проект (Pi-Bi-L3) поддржан од МОН (100. 000,00 ден.), а беше финансиран и еден проект од интегративната програма на УКИМ „Осовременување на методите и техниките во наставата по странски јазик на интердисциплинарните студии по преведување и толкување“ (240. 000,00 ден.). Годинава отпочна со реализација и еден проект поддржан од програмата Еразмус+, под наслов „Европа: знаење, учење, прифаќање. ЕУРОКАР 2“, како и проектот ACTIF 2020, финансиски подржан од страна на Универзитетската агенција за франкофонија.

### Грантови, спонзорства и донации

Неколку странски амбасади од разни земји (Италија, Франција, Кореја) и странски културни центри чии јазици се изучуваат на нашиот Факултет се појавија како донатори по неколку основи: обезбедување практикант по француски јазик во рамките на центарот на Универзитетската агенција за франкофонија, обука на наставници по италијански јазик, обезбедување наставник по корејски јазик, покривање на трошоци за пат и сместување на професори од странство, трошоци за репрезентација за време на научни собири и конференции, печатење на книги и зборници, донации на книги и сл.

**Конференции и научни собири**

Научниот собир *Италијанистиката во третиот милениум - 60 години италијански студии* беше финансиран од неколку извори: уплата на котизации од страна на учесниците, донации од Италијанската амбасада, наменски средства од МОН и од интегративните средства на УКИМ.

**Изданија**

Изданијата што излегоа од печат изминатава година беа испечатени делумно со сопствени средства, а делумно со поддршка однадвор (од интегративните средства на УКИМ, Министерството за култура, котизации од научни конференции и грантови од странски амбасади). Од интегративните средства на УКИМ беа обезбедени средства за зборникот *Развивање јазични компетенции на наставници по англиски јазик* и зборникот од студентската конференција *Како си ми?*, а од Министерство за култура средства за Монографијата *Книжевници-наставници на Филолошкиот факултет.* Од сопствени средства беа финансирани: *Годишен зборник* бр.45, *Славистички студии* бр.19, два броја од научното списание *Современа филологија*, зборникот *Десетти научен собир на млади македонисти, Преглед на историските и културните традиции на Јужна Кореја* и двотомното издание *Лингвистички студии на Лилјана Минова Ѓуркова.* Со поддршка од други извори беа испечатени: зборник на трудови од конференцијата *ESIDRP 2019*, зборникот во чест на проф. д-р Лилјана Тодорова *Аналогии и интеракции во романистичките проучувања,* како и зборникот-алманах *Ибериски студии.*

**Инвестиции**

Во извештајниот период беа дореализирани неколку капитални инвестиции остварени со буџетски средства, кои беа отпочнати во претходниот период: реконструкција на кровни површини и осветлување на ходниците. Завршено е и целосното реновирање на Амфитеатар бр.1, почнувајќи од градежни зафати, осветлување, систем за вентилација и греење, промена на подови, мебел и сл. Беше инвестирано во набавка на опрема, информатичка и друга (принтери, компјутери, видеопроектори, аудио опрема и сл.), како и во тековно одржување на објектот.

Реализирани се и самофинансирачки активности на полето на научно-истражувачката работа: сè до разгорувањето на корона-кризата беше финансиран макропроектот „Јазици, книжевности, култури: образовни политики во функција на современото општество" во кој учествуваат сите вработени на Факултетот, а до овој датум беше обезбедена и поддршка за усовршување на членовите на наставниот кадар преку учество на меѓународни собири и конференции во земјава и во странство.

Со оглед на неможноста да се пополнат сите испразнети места на Факултетот преку нови вработувања, од сопствени средства се инвестираше и во хонорарно ангажирани лица по разни основи: стручњаци од практика и демонстратори за потребите на наставата, административни службеници, хигиеничарки и сл.

Во извештајниот период извршени се постапки за 20 јавни набавки. Деталниот преглед е прикажан во прилог.

## Кадровска состојба

Во текот на извештајниот период Факултетот се соочи со одлив на кадар поради пензионирање на 4 редовни професори и 1 административен службеник.

Од приложените барања до надлежните министерства за нови работни места за наставен кадар, Факултетот оваа година доби согласност за пет: еден лектор по италијански јазик, двајца лектори по англиски јазик, еден лектор по шпански јазик и еден асистент по шпанска книжевност. Заложбите за добивање нови вработувања продолжуваат и понатаму: во тек е подготовка за нови барања што ќе се поднесат на почетокот на 2021 година.

Кадровската состојба во факултетската администрација е далеку од добра, особено ако се земе предвид фактот што во тој сектор нема ново вработено лице од 2006 година. За потребите на стручните служби се ангажираат лица со договор на дело, и до скоро преку агенција за привремени вработувања. Деканатот вложи напор да издејствува пет работни места во планот за 2020 година, за чие реализирање се чека согласност од Министерството за финансии.

## Факултетски простор

Во соработка со Филозофскиот факултет комплетно е реконструиран кровот на факултетската зграда од средства добиени од МОН.

Комплетно е реконструиран малиот амфитеатар А1 од сопствени средства на Факултетот.

Покриени се сите предавални и библиотеки со безжичен интернет од сопствени средства на Факултетот.

## Правни акти

Сите решенија (индивидуални и факултетски), одлуки и други акти што произлегуваат од законски одредби (избори во звања, службени отсуства, подолги отсуства и сл.) и кои се носат од двете извршни тела на Факултетот -- Деканатската управа и Наставно-научниот совет се уредно поминати на седниците: одржани беа тринаесет редовни седници на ННС, како и седум седници на Деканатската управа.

Со донесувањето на новиот Закон за високото образование (кој стапи на 16.5.2018 година) се одржаа и првите избори за претседател и членови на ФСС. По нивното конституирање требаше да се донесе Статут на ФСС, па така Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на својата четириесетта редовна седница, одржана на 22.1.2020 година го усвои, односно даде согласност на **Статутот на Факултетското студентско собрание на Филолошки факултет „Блаже Конески“- Скопје**.

Во согласност со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија, за воведување на вонредна и кризна состојба, како и други мерки за заштита на населението од ширење на болеста CoVid-19 Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесе Правилник за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19 (Универзитетски гласник бр.489). Врз основа на овој Правилник, Деканатската управа на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на својата 37. редовна седница одржана на 30.3.2020 година донесе **Одлука за начинот на реализација на**

**дејностите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19**. Одлуката е објавена во Универзитетски гласник бр. 511.

**Други активности**

**Избори за ректор на УКИМ, за декан на Филолошкиот факултет, за сенатори од Филолошкиот факултет, за членови и претседател на Факултетското студентско собрание (ФСС)**

Како што напоменав во воведниот дел, оваа година ја обележаа изборни активности на повеќе рамништа. Освен изборите за ФСС, кои се одржаа во декември 2019 година, значи сѐ уште во нормални услови, останатите избори влегоа во периодот на вонредна и кризна состојба. Тоа во извесна мера го отежна нивното спроведување, најмногу од фактот што овие избори се спроведуваат со тајно гласање, а тоа претпоставува физичко присуство. Следејќи ги препораките и протоколите за изведување на овие активности, како и процедурите и роковите во кои се реализираат изборите (предлагања, изборни комисии, ден на гласање и сл.), Филолошкиот факултет успешно го организира и го финализира изборниот процес. На сите учесници во овие активности им изразувам голема благодарност.

На крајот, би сакала да им искажам благодарност на сите вработени и ангажирани лица на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“: почнувајќи од Деканатската управа – на продеканките и на раководителите на катедрите; и понатаму: на сите наставници, членови на Наставно-научниот совет; на соработниците; на надворешните соработници; на кадарот во стручно-административните служби, како и на помошно-техничкиот кадар, за придонесот во работата на факултетот со исклучително висок степен на професионалност и посветеност, особено во овој тежок и кризен период за сите нас.

Скопје,
13.11.2020

Со почит,

Декан
на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“

проф. д-р Анета Дучевска